У-6.бр.1313/2020

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите М-р Дитурије Елези Незири - претседател на совет, Ана Герасимовска и Даниела Антовска - членови на советот, со записничар Моника Китановска - виш судски соработник, решавајќи по тужбата на тужителот ТКМ ТРАДЕ ДООЕЛ Радовиш од Радовиш, поднесена преку полномошник Бобан Лазороски, адвокат од Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-582/18 од 01.07.2020 година, за јавна набавка, по одржаната јавна расправа, во присуство на тужителот, неговиот полномошник и тужениот орган, а во отсуство на заинтересираното лице - уредно покането, Судот на ден 14.07.2021 година, ја донесе следната:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот ТКМ ТРАДЕ ДООЕЛ Радовиш од Радовиш, изјавена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-582/18 од 01.07.2020 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоците по постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр.09-582/18 од 01.07.2020 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки, се одбива жалбата на сега тужителот ТКМ ТРАДЕ ДООЕЛ Радовиш од Радовиш, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр. 11-138/8 од 26.05.2020 година, донесена по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.15678/2019 за набавка на стоки – Резервни делови за багери и одлагачи (РЕК Осломеј) на договорниот орган АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје. Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки е конечно по извршената достава, а сите странки се должни да ја почитуваат и да ја спроведат конечната одлука на Државната комисија.

Незадоволен од наведеното решение тужителот поведе управен спор со предлог истото да се поништи и предметот да се врати на повторно постапување и одлучување, поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и непременување на Законот за јавни набавки. Во тужбата е наведено дека оспореното решение е нејасно и противзаконито од причина што во образложението на истото од страна на тужениот орган не е дадено релевантно образложение по однос на жалбените наводи, повеќе што претходно изјавената жалба од страна на сега тужителот против Одлуката за избор на најповолна понуда по отварање на понуди бр.11-138/6 од 31.03.2020 година ја усвоил, истата ја поништил, а предметот го вратил на повторно постапување и одлучување. Вака донесеното и сега оспорено решение тужителот истакнува дека е во целосна спротивност на претходно донесеното решение на тужениот орган, односно апсолутно ништо не било превземено во повторна постапка од страна на договорниот орган туку само направен е препис на претходната одлука, на штета на тужителот. Наведено е дека се сторени повреди по член 81 и член 102 од Законот за јавните набавки каде е предвидено договорниот орган во тендерската документација да наведе барања, услови и критериуми со цел да се обезбеди економскиот оператор, целосни и точни информации во врска со начинот на спроведување на постапката, а не да утврдува контрадикторни услови како што е наведено во точка 4.6. (подточки 4.6.1 и

4.6.2). Имено, во извештајот за спроведената постапка (повторна техничка евалуација) од страна на договорниот орган наведено е дека понудата на сега тужителот не ги исполнува условите и барањата од техничките спецификации со образложение за неприфатливоста на техничката понуда на јавната набавка дека понудениот цртеж не ги исполнува условите и барањата од техничките спецификации односно на истиот нема прикажано заби, модулот на забите и карактеристиките на озабувањето, а исто така не се прикажани ниту распоредот на отворите за подмачкување, како и бројот на отвори за завртки со кои ќе се прицврстува обртниот склоп. Во однос на оваа околност тужениот орган претходно жалбата на тужителот ја уважил и предметот го вратил на повторна евалуација и одлучување, од каде договорниот орган не постапил по задолжението, па се поставува прашањето на која околност тужениот орган го донел сега утуженото решение, бидејќи само го потврдила првичниот извештај за спроведената постапка и навел ново образложение за неприфатливоста на техничката понуда на тужителот.

Во однос на клучната околност спрема тендерската документација истакнато е дека договорниот орган имал право да бара појаснување на понудата, а доколку нешто е нејасно или недоволно прецизно било преку Електронскиот систем за јавни набавки или директно од понудувачот, посебно за делот на техничките прашања и потреби за дополнително објаснување на понудата од техничка страна, меѓутоа сторил прекршување на член 109 од Законот за јавните набавки, што е занемарено при одлучувањето, а тужениот орган пропуштил да изнесе образложени причини зошто жалбените наводи кои се однесуваат на повторната евалуација на понудите се одбиени, непочитувајќи ги и игнорирајќи ги членовите 5 и 7 од истиот закон. Истакнува дека при повторно одлучување договорниот орган повторно во фаза на евалуација немал еднаков третман при евалуирање на понудите, па оттука произлегува дека сега оспореното решение е донесено во претходна постапката во која не се постапувало според правилата на постапката, од причина што одредбите од Законот за јавните набавки биле погрешно применети и самата постапка е целосно незаконита. Побара, тужбата да се уважи, оспореното Решение бр. 09-582/18 од 01.07.2020 година на Државната комисија за јавни набавки да се поништи и предметот да се врати на повторно постапување и одлучување.

Тужениот орган во одговор на тужба остана во се при наводите дадени во образложението на оспореното решение, со предлог тужбата да биде одбиена како неоснована.

Судот согласно член 23 од Законот за управните спорови ("Службен весник на РСМ" бр.96/2019), заедно со Поканата за јавна расправа У-6.бр.1313/2020 од 08.06.2021 година, направи обид да ги достави тужбата и одговорот на тужбата даден од страна на тужениот орган на правното лице ТДПТИ ДОНИЛ ДООЕЛ од Скопје, при што истото како заинтересирано лице во спорот има положба на странка, меѓутоа видно од повратницата, писменото е предадено по пошта за достава, на ден 09.06.2021 година, но истото е вратено со назнака "известен - не побарал" на ден 23.06.2021 година, што се смета за уредна достава.

На одржаната јавна расправа на ден 14.07.2021 година, полномошникот на тужителот остана во целост кон наводите во тужбата и тужбеното барање и истакна пред Судот наводи по однос на Одговорот на тужбеното барање, каде што смета дека истото е во целост неосновано, паушално изнесено, без оспорување на конкретните наводи во тужбено барање и доставување на контра аргументи или докази од кои би произлегла друга фактичка состојба од онаа што е во тужбеното барање наведена. Истакна дека содржината на техничката спецификација која е дел од тендерската постапка и тендерската документација, однсоно параметрите врз кои е изготвена тендерската докјумнентација и нејзините ставки не се изготвени согласно позитивните

прописи односно Законот за јавни набавки. Дека тоа е така и дека иститe се конфузни и нејасни, потенцирам дека во еден наврат по одлуката на договорниот орган жалбената постапка е усвоена, односно жалбата од страна на сега тужителот е усвоена, како втор наврат жалбат на сега тужителот е одбиена како неоснована. Видно од одлуката на договорниот орган истата се базира на фактот дека на цртежите не може да се утврди одредени технички податоци на која околност и Државната комисија има потенцирано дека на тој начин е прекршен член 3, член 4 и член 5 од Законот за јавни набавки, истото е укажано и во тужбено барање, да по Договор број 17138/19, склучен помеѓу договорен орган и добавувач во член 3 од истиот истата спецификација е и основ за одбивање, не е вметната во договорот, по што бара Судот да ја утврди оваа фактичка состојба. Во прилог достави Договорот бр.17138/19 од 06.07.2020 година и Известување за склучен договор за јавна набавка. Понатаму наведува дека Комисијат при одлучување има создадено предност во корист на одреден економски оператор на начин што спротивно од член 5 точка 3 од Тендерската документација согласно ЗЈН нема побарано појаснување за евентуални технички нејаснотии околу тендерската постапка. Согалсно напатствијата на Државната комисија по Решение од 29.04.2020 година, при повторното одлучување на договорниот орган не е извршена евалуација на понудите, не е постапено согласно закон и донесено е спорно решение, кое е предмет на оваа тужба, кое е донесено спротивно на закон. Од причина што во Одговорот на тужба не се доставени докази и контраргументи за наводите изнесени во тубженото барање, барам до Судот да го задолжи тужениот да достави доказ дали Договорот денес доставен до Судот е реализиран, на кој начин е реализиран и дали е извршена порачката на предметот на овој спор. Потенцира пред судот дека во Договорот доставен на оваа расправа никаде не е наведен производителот на обратните склопови, не е нагласено согласно кој цртеж треба да бидат обработени, а ова се факти кои се основ за одбивање на сега тужителот во ТД. Предвид на тоа предложи до Судот да го усвои тужбеното барање онака како е поставен барам решението на туженот орган да се поништи и предметот да се врати на повторно одлучување во постапката.

Управителот на тужителот објасни одредени технички и стручни аспекти за конкретната јавна набавка дека проблематиката за резервни делови, посебно за обратните склопови е многу карактеристична, бара огромна прецизност и големо знаење. Во конкретниот случај се работи за машина Багер SH400 од производителот OREENSTEIN KOPPEL. Деловите кои ги вградува во машините производителот ги набавува од подизведувач. Во одреден период производителот на машината може да набавува делови од одреден производител и тие се сметаат за оригинални делови. После одреден период производителот на машината може да ги набавува обратните склопови од друг производител. Што значи дека и овие набавени делови се сметаат за оригинални. Најголем дел на производителите на овие делови при доставување на понуди не доставуваат детален цртеж на деловите. На понудениот цртеж за конкретната јавна набавка, договорниот орган не кажува дека тој цртеж односно тој дел не одговара со бараниот модел, туку кажува дека на цртежот не можат да се утврдат точни технички карактеристики. Согласно ЗЈН договорниот орган е обврзан и должен да побара објаснување доколку нешто не му е јасно. И тоа е причина за елиминација на тужителот во евалуација. За понудувачот Агис за истиот тендер, дел 2, јасно е наведено дека со понудата се доставува скица, но во овој случај таа понуда е прифатена.

Претставникот на тужениот орган истакна дека во однос на тужбениот дел тендерската документација била нејасна за тоа дали се бара или не се бара гаранција, укажуваме дека е задоцнет, затоа што тужителот на оваа околност имал право на жалба по објавувањето на Огласот или во најмала рака пред отворањето на понудите да постави прашање на оваа околност. Согласно ЗЈН во подоцнежната фаза на постапката, како што е сега жалба на одлука за избор, истакна тужителот нема право на жалба по овој основ. Понатаму, во однос на тоа дека избраниот не доставил скица на

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

предметот на набавка, од страна на тужениот е утврдено дека тој доставил производ според каталошки број кој и досега бил користен за овие машини. Од таму неспорно е дека не било потребно да биде доставена и ваква скица. Со оглед дека се работи за специфични машини, договорниот орган како добар стопанственик мора да набавува исклучиво оригинални делови според каталошки броеви на производителот. Укажува на фактот дека со Одлуката за јавна набавка, договорниот орган формирал и стручна комисија која од стручен аспект го утврдила прифатливоста на јавната набавка, па според тоа неосновано е тврдењето на тужителот искажано на оваа јавна расправа, дека не е извршена правилна евалуација на понудите. Доколку договорниот орган побарал појаснување од тужителот, ќе ги довел другите економски оператори во понеповолна положба односно ќе го фаворизирал тужитлот, со тоа што ќе побарал да ја дополни односно уреди својата понуда. Од овие причини остана во се како во Одговорот на тужба.

Полномошникот на тужителот дополнително во однос на истакнатиот наводи од страна на претставникот на тужениот орган дека предметните делови мора да се оригинал и треба да се оригинал истакна дека се во целост неосновани од причина што ниту во спецификацијата во ТД ниту пак во Договор е потребно да се испорачуваат оригинални делови, но може и еквиваленти. Претставникот на комисијата цело време потенцира дека избраниот понудувач нудел и потпишал договор за оригинални резервни делови, што не е точно бидејќи избраниот понудувач кој бил трет по цена нудел делови од сосема друг производител, што не е наведено во договорот.

Во реплика претставникот на туженот орган истакна дека не е точно дека избраниот понудувач понудил оригинални делови туку понудил делови според каталошки броеви кои и пертходно биле вградени во предметната машина.

Во доказната постапка Судот изврши увид во тужбата од 30.07.2020 година, Поднесок од тужителот од 11.08.2020 година, Одговор на тужба од 17.09.2020 година, Договор број 17138/19 за резервни делови за багери и одлагачи од 06.07.2020 година Арх.бр.11-138/9, Известување за склучен договор за јавна набавка по број на Оглас 15678/2019, како и целокупното досие за конкретната јавна набавка по Оглас за јавна набавка со отворена постапка број 15678/2019 за набавка на резервни делови за багери и одлагачи (РЕК Осломеј) на договорниот органа АД Електрани на РСМ овозможено преку Бирото за јавни набавки.

Во завршни зборови полномошникот на тужителот изјави дека видно од сите докази изведени во постапката, со јасност може да се утврди дека тужениот орган постапил спротивно на член 4, 5, 6 и 7 од ЗЈН при донесувањето на донесувањето на утуженото решение постапил спротивно на член 82 од ЗЈН, Договорниот орган не го применил членот 5.3 од Тендерската документација, тужениот орган го занемарил овој пропуст, па према тоа предлага да се усвои тужбеното барање и предметното решение да се поништи и предметот да се врати на повторно одлучување.

Во завршни зборови претставникот на тужениот орган изјави дека врз основа на изведените докази и досега кажаното на оваа расправа, произлегува дека тужбеното барање е неосновано во целост па поради тоа предлагам тужбата како таква да биде одбиена.

Тужбата на тужителот е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган спровел постапка за јавна набавка со Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.15678/2019 за набавка на стоки – Резервни делови за багери и одлагачи (РЕК Осломеј), за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр. 11-138/2 од

30.12.2019 година. Имено, постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки и во Службен весник на Република Северна Македонија, како делива на два дела, а договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за доделување на договор за јавна набавка ќе го користи критериумот економски најповолна понуда – цена и ќе заврши со спроведување на електронска аукција. При тоа, од понудувачите било побарано да достават 3% Гаранција на понудата и 15% Гаранција за квалитетно извршување на договорот.

До крајниот рок за поднесување на понудите 29.01.2020 година пристигнале вкупно 4 (четири) понуди, за што бил составен Записник од отварањето на понудите заведен под број 11-138/3. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган извршила проверка на комплетноста и валидноста на понудите. Врз основ на конечното бодување и рангирање на понудите, врз основа на Техничкото мислење на стручната комисија бр.09-1267 од 25.03.2020 година, како и врз основа на Извештајот од спроведената постапка бр.11-138/5 од 26.03.2020 година, Комисијата за јавни набавки дала предлог за најповолна понуда за дел 1 да биде избрана понудата на ДОНИЛ ДООЕЛ Скопје, а за дел 2 како најповолна понуда да биде избрана понудата на АГРОИНДУСТРИЈА АГИС ДООЕЛ Скопје. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган по што била донесена Одлука за избор на најповолна понуда по отворање на понуди бр.11-138/6 од 31.03.2020 година.

Незадоволен од донесената Одлука за избор на најповолна понуда по отворање на понуди бр.11-138/6 од 31.03.2020 година, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднеле економските оператори СА – СА ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје и ТКМ ТРАДЕ ДООЕЛ Радовиш.

Постапувајќи по жалбата, Државната комисија за жалби по јавни набавки донела Решение бр.09-395/14 и Решение бр.09-401/11 од 29.04.2020 година, со кои жалбите изјавени против Одлуката за избор на најповолна понуда по отварање на понуди бр.11-138/6 од 31.03.2020 година, донесена по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.15678/2019 за набавка на стоки – Резервни делови за багери и одлагачи (РЕК Осломеј) на договорниот орган АД ЕСМ, во државна сопственост, Скопје, се усвојуваат, Одлуката за избор на најповолна понуда по отворање на понуди бр.11-138/6 од 31.03.2020 година и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување за дел 1 и 2.

Постапувајќи по Решенијата на Државната комисија за жалби по јавни набавки, Комисијата за јавни набавки на договорниот орган извршила повторна евалуација и дала предлог како најповолна понуда за дел 1 да биде избрана понудата на ДОНИЛ ДООЕЛ Скопје, а за дел 2 како најповолна понуда да биде избрана понудата на АГРОИНДУСТРИЈА АГИС ДООЕЛ Скопје. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице во договорниот орган по што била донесена Одлука за избор на најповолна понуда по отворање на понуди бр.11-138/8 од 26.05.2020 година.

Незадоволен од Одлуката за избор на најповолна понуда по отварање на понуди бр.11-138/8 од 26.05.2020 година, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднел економскиот оператор ТКМ ТРАДЕ ДООЕЛ Радовиш, сега тужителот.

Постапувајќи по жалбата и жалбените наводи, како и по службена должност согласно член 160 став 1 точка 3 и став 2, 3, 4, 5 и 6 од Законот за јавните набавки, а врз основа на доказите приложени во предметот од спроведената постапка за доделување договор за јавна набавка, Државната комисија го донела сега оспореното решение со кое жалбата на жалителот ТКМ ТРАДЕ ДООЕЛ Радовиш се одбива како неоснована.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно член 2 точка 10 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.24/2019), „Тендерска документација" е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка, вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општоприменливите прописи и сета дополнителна документација. Согласно точка 11 од истиот член „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Во член 3 став 1 од истиот закон, уредувањето, развојот на системот на јавни набавки и неговото спроведување се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност.

Во член 81 став 1 од истиот закон, Договорниот орган е должен во тендерската документација да ги наведе барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка.

Во член 109 став 1 од истиот закон, кај отворената постапка и поедноставената отворена постапка, комисијата, пред да пристапи кон евалуација на понудите, ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот.(2) При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања.(3) Бараното објаснување понудувачот го доставува преку ЕСЈН во рокот кој го определила комисијата.(4) Никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од понудувачот.(5) Комисијата може да бара директно од понудувачот, а со цел за објаснување на понудата, превод на делот од понудата кој е во врска со техничката документација за кој во тендерската документација дозволил истата да биде изработена на странски јазик и за истото да одреди примерен рок.(6) Неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира.(7) Евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација.(8) По извршената евалуација, комисијата ќе пристапи кон рангирање на понудите и изготвување предлог за избор на најповолна понуда.(9) Членот на комисијата кој не се согласува со предлогот за избор на најповолна понуда, ги изнесува своите ставови подготвени како забелешка приложена кон извештајот од спроведената постапка.(10) При евалуација на понудите кај ограничената постапка, постапките со преговарање, конкурентниот дијалог и партнерството за иновации,

комисијата соодветно ги применува одредбите од овој член.(11) Министерот за финансии го пропишува начинот на исправка на аритметичка грешка во фазата на евалуација на понудите.

Во конкретниот случај, Судот цени дека тужениот орган врз основа на сите докази од предметот за спроведената постапка за доделување договор за јавна набавка, правилно ги применил горе цитираните законски одредби и условите во тендерската документација, и правилно одлучил кога со сега оспореното решение ја одбил жалбата на сега тужителот ТКМ ТРАДЕ ДООЕЛ Радовиш од Радовиш, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.11-138/8 од 26.05.2020 година, донесена по Огласот за јавна набавка со отворена постапка бр.15678/2019 за набавка на стоки – Резервни делови за багери и одлагачи (РЕК Осломеј) на договорниот орган АД ЕЛЕКРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје.

Од извршениот увид во списите на предметот, Судот утврди дека Државната комисија за жалби по јавни набавки правилно констатирала дека договорниот орган во повторна постапка не ги сторил пропустите на кои се повикува сега тужителот, односно истиот постапил согласно забелешките на Државната комисија за жалби по јавни набавки дадени во претходно донесеното Решение бр. 09-401/11 од 29.04.2020 година и ги евалуирал само понудувачите кои во целост ги исполнуваат условите наведени во тендерската документација и потоа донел правилна и законита одлука, согласно барањата и условите на тендерската документација, нејзината техничка спецификација и членот 109 од Законот за јавните набавки. Ова, од причина што согласно техничкото мислење број 09-1533 од 20.05.2020 година, составен дел од Извештајот за спроведена постапка, изготвено од страна на стручната Комисија формирана со Одлуката за јавна набавка бр.11-138/2 од 30.12.2019 година за оценка на техничките понуди во конкретната јавна набавка, понудата на сега тужителот правилно е оцената како неприфатлива од причина што за позиција 1.1 обртен склоп за горна надградба понудил по католошки број производство од Rothe Erdt Германија, а за позиција 1.2 обртен склоп за ротор понудил еквиваленти од производителот JCB Bearing Кина, со што не ги исполнил условите и барањата од техничките спецификации. Имено, во цртежот кој го понудил за позиција 1.2 од дел 1 на предметната јавна набавка не е прикажан бројот на заби, модулот на забите и карактеристиките на озабување, врз чија основа не се знае со колав број на заби е самиот обртен склоп како и модулот на забите што е прв предуслов за монтирање на овој дел бидејќи се вградува со склоп со три редуктори кои треба да имаат исто озабување со нив; понатаму не е прикажан распоредот на отворите за подмачкување, а системот за подмачкување на овој дел е еден од позначајните услови за да може да се монтира и подмачкува за да има подолг век на траење на обртниот склоп, бидејќи не е даден и не може постоечкиот систем да се вгради, а исто така нема податок за бројот и распоредот на отвори за завртки со кои може да се прицврстува обртниот склоп – без кој податок не може да се врши монтажа на овој резервен дел.

Судот ги ценеше тужбените наводи на тужителот изнесени во тужбата и на јавната расправа, дека договорниот орган требало да бара објаснување на понудата доколку нешто не било јасно и недоволно прецизно, посебно во однос на техничката понуда, меѓутоа истите ги најде неосновани и без влијание за поинкаво одлучување од причина што имајќи го предвид членот 109 од Законот за јавните набавки, Комисијата има право меѓутоа не и обврска да побара од понудувачите да извршат дополнување на документите или истите да се појансат, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или допонувања, согласно член 109 став 4 од Законот за јавните набавки, односно никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправка на аритметички грешки не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од

понудувачот. Во однос на наводите на тужителот дека понудувачот АГРОИНДУСТРИЈА – АГИС ДООЕЛ Скопје во понудата немал доставено цртежи туку скици, од страна на Комисијата за јавни набавки на договорниот орган понудата била оценета како технички прифатлива согласно барањата од техничката спецификација, од каде по увидот во доставената понуда, техничкото мислење и дадената напомена од техничката спецификација, според која доколку понудувачот нуди еквивалентни резервни делови истиот обезбедува соодветна техничка документација (каталог, слика, книга на производителот, цртежи и слично) за докажување на бараните технички карактеристики, Државната комисија за жалби по јавни набавки правилно утврдила дека Комисијата за јавни набавки на договорниот орган постапила согласно барањата од техничката спецификација на тендерската документација односно избрала понудувач кој за сите ставки – позиции понудил делови од призводителот Rothe Erde Германија по наведените каталошки броеви од техничката спецификација, а кои биле и претходно вградувани во машините.

Согласно член 86 став 2 и став 3 од Законот за управните спорови Сл.весник на РМ бр.96/2019, странката секогаш сама ги сноси трошоците кои ги предзвикала по сопствена вина како и тршоците кои настанале случајно, а доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката ја запре, секоја странка ги сноси своите трошоци на постапката, поради што барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоците на постапката е неосновано.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Управен суд на 14.07.2021 година, под У-6.бр.1313/2020.

Записничар - виш судски соработник
Моника Китановска

Претседател на совет - Судија
m-r Diturije Elezi Neziri

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2 .

Пресудата да се достави на:
- тужител преку полномошник
- тужен орган
- заинтересирано лице

Претседател на совет - Судија
m-r Diturije Elezi Neziri

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
УПРАВЕН СУД

ВТ/